Образец бр. 2

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

## 1. Опис на проблемите

Видовите, условите, организацијата, начинот и контролата на приредувањето на игрите на среќа и забавните игри во Република Македонија се уредени со постојниот Закон за игрите на среќа и за забавните игри, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 10 од 1997 година. Овој закон на неколку пати е изменуван и дополнуван. Измените и дополнувањата се објавени во Службен весник на Република Македонија бр. 54/1997, 13/2001, 2/2002 и 54/2007.

И покрај извршените изменувања и дополнувања, законот не одговара на потребите на пазарот на игрите на среќа, желбите на играчите и можностите на приредувачите на игрите на среќа во Република Македонија. Ова особено се однесува на новите и атрактивни игри на среќа кои постојат во земјите со развиена пазарна економија, а особено во европските земји, односно земјите членки на Европската унија, кои се популарни меѓу играчите во тие земји, а не се опфатени со постојната законска регулатива во Република Македонија.

Постојниот закон не ја регулира класификацијата на игрите на среќа по видови на јасен и соодветен начин, што доведува до различно толкување и проблеми во неговата примена. Голем број на прашања што се однесуваат на приредувањето на игрите на среќа и на забавните игри со постојниот закон воопшто не се уредени, а особено како недостиг на овој закон се покажа правната нерегулираност на одредени делови од постапката за издавање на соодветните акти со кои се дава и одзема правото на приредување на соодветната игра на среќа. Исто така, постојниот закон не е усогласен со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/09), во однос на пропишувањето на кривичните дела и казнувањето на правните лица.

Согласно со горенаведеното се наметна потребата од донесување на целосно нов Закон за игрите на среќа и за забавните игри, со цел да се модернизира правната регулатива од областа на игрите на среќа во Република Македонија, соодветно да се вградат решенијата и искуствата на европските и другите земји со развиена пазарна економија, како и да се обезбеди поголема правна сигурност и заштита како за приредувачите, така и за учесниците во игрите на среќа и забавните игри на територијата на Република Македонија.

## 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Целите на донесувањето и примената на овој закон, кои се изразени преку потребата од спречување на сивата економија во областа на игрите на среќа се стекнување на сигурност и доверба кај играчите и нивна заштита, заштита на приредувачите особено од нелојалната конкуренција, легализација и контрола на паричните текови во оваа област и остварувањето на интересот на државата.

Законот чие донесување се предлага, се засновува врз следните начела:

- начело на ексклузивитет во приредувањето на игрите на среќа и начело на

лиценцирање на правото на приредување на игрите на среќа и забавните игри,

- начело на економичност и ефикасност на управната постапка на издавање, одземање, прекин и откажување на лиценците и дозволите пропишани со овој закон, како и во другите случаи на управно постапување од овој закон и
- начело на правна сигурност и заштита на приредувачите и учесниците во игрите на среќа и забавните игри.

Со извршената споредбена анализа на приредувањето и функционирањето на игрите на среќа во земјите со развиена пазарна економија, а особено во европските земји и земјите членки на Европската унија, се дојде до сознание дека системот на игрите на среќа во тие земји претставува исклучиво право на државата, која тоа свое право може да го пренесе на други приредувачи под одредени законски пропишани услови. На овој начин се создаваат услови за соодветна организација и ефикасна контрола во приредувањето на игрите на среќа и се обезбедува ефикасна наплата на јавните приходи по основ на приредувањето на игрите на среќа.

Дејноста приредување на игри на среќа по својот карактер е мошне специфична дејност. Нејзината специфичност произлегува од фактот што нејзина примарна карактеристика е јавниот интерес и социјалната димензија. Целта на приредувањето на игрите на среќа од аспект на државата не е првенствено стекнување на приход, туку остварување на јавниот интерес. Целите на јавниот интерес и социјалниот момент во оваа област се:

- одредување на условите, начинот и обемот на приредувањето на игри на среќа;
- ограничување на негативните дејствија и последици кои игрите на среќа ги имаат или можат да ги имаат врз играчите, нивните семејства и пошироките асоцијации (измами, ризици од криминални и други штетни дејствија и сл.);
- создавање на сигурност и доверба кај учесниците во игрите на среќа;
- влијание врз одредувањето на намената и користењето на средствата од приредувањето на игрите на среќа (во социјално-хуманитарни и други општо-корисни цели);
- спречување на нелојалната конкуренција и сивата економија во оваа област и
- одговорност при приредувањето на игрите на среќа.

Постојниот закон не одговара на потребите на пазарот на игрите на среќа, желбите на играчите и можностите на приредувачите на игрите на среќа во Република Македонија. Ова особено се однесува на новите и атрактивни игри на среќа кои постојат во земјите со развиена пазарна економија, а особено во европските земји, односно земјите членки на Европската унија, кои се популарни меѓу играчите во тие земји, а не се опфатени со постојната законска регулатива во Република Македонија. Имено, согласно со постојниот закон, за игри на среќа во смисла на овој закон се сметаат лото, спортска прогноза, лотарија, инстант лотарија, томбола и наградна игра (како општи игри на среќа) и игри на среќа што се приредуваат во играчница (казино), интерактивни игри на среќа кои се приредуваат во играчница (казино), игри на автомати за игри на среќа, обложување на спортски натпревари и обложување на спортски натпревари преку интернет (како посебни игри на среќа). Игрите на среќа кои не се уредени со овој закон не се сметаат за игри на среќа и е забрането да се приредуваат. Приредувањето на игрите на среќа може да биде постојано и повремено. Постојаното приредување на игри на среќа може да врши трговско друштво. Повремено приредување на игри на среќа можат да вршат здруженија на граѓани од областа на физичката култура и хендикепираните лица врз основа на одобрение. Повремено можат да се приредуваат игрите лотарија и томбола.

Правото на приредување на лотарија, спортска прогноза, инстант лотарија и ТВ томбола е доверено на АД во државна сопственост „Државна лотарија на Македонија“ Скопје, во согласност со член 19 став 2 од постојниот закон. Приредувањето на останатите игри на среќа уредени со законот се врши врз основа на издадени лиценци, односно одобренија на трговски друштва, а повременото приредување на игрите на среќа лотарија и томбола врз основа на издадени одобренија на здруженија на граѓани од областа на физичката култура и хендикепираните лица.

За приредување на интерактивни игри на среќа кои се приредуваат во играчница (казино) и за играта обложување на спортски натпревари преку интернет, досега не е издадена лиценца.

Постојниот закон не дава дефиниција и не пропишува регулација за телефонско-телевизиските квизови, кај кои преку телефонски такси со цена со значително поголема висина од редовната цена на телефонските импулси или на друг начин на вложување од страна на учесниците се врши учество во овие квизови, при што фондовите на добивките во овие квизови во одредени случаи се доста високи.

Постојниот закон се соочува со проблемот на недоречености во поглед на водењето на постапката на издавањето на лиценците и одобренијата. Согласно со постојното законско решение, надлежен орган за издавање на лиценци за приредување на одредени игри на среќа е Владата на Република Македонија. Останатиот дел од игрите определени со законот можат да се приредуваат само со издадено одобрение од страна на министерот за финансии. Со оглед на тоа што овој закон е донесен во 1997 година, а постојниот Закон за општата управна постапка во 2005 година, постои неусогласеност на овие два закона, односно неопходна е потребата од јасно уредување на постапката по поднесените барања за издавање на соодветните акти, нивното донесување и издавање, а сето тоа во согласност со правилата на управната постапка од Законот за општата управна постапка, земајќи во предвид дека постапката на издавање на актите пропишани во Законот за игрите на среќа и за забавните игри по својата суштина се управни акти, па на нив соодветно треба да се применуваат институтите на управната и управно-судската постапка, во секој поглед, а особено во поглед на правната заштита која до сега не беше соодветно нормирана. Исто така, одредени постапки, како што се постапките на издавање на акт за согласност за промена на деловните простории на приредувачите и актите за издавање на согласност за зголемување на бројот на деловните простории во кои се врши уплата на влогови и исплата на добивки, како и доказите потребни за приложување, со постојниот закон воопшто не се регулирани.

Постојниот закон е усогласен со Законот за прекршоците од 2006 година, но не е усогласен со последните изменувања и дополнувања на Кривичниот законик од 2009 година.

## 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Со отпочнувањето со примена на предложениот закон се очекува значително подобрување во целокупната област на приредувањето на игрите на среќа и забавните игри на територијата на Република Македонија и тоа како во делот на приредувањето на игрите од страна на приредувачите, така и во делот на целокупното администрирање и контрола во оваа област од страна на надлежните државни органи.

Предложениот закон ја напушта поделбата на игрите на среќа на постојани и повремени, при што за секоја одделна игра на среќа, односно забавна игра пропишува период на пренесување на правото на нејзино приредување, додека ја задржува поделбата на игрите на среќа на општи и посебни и кон оваа поделба додава и трета категорија на игри, а тоа се интернет игрите на среќа, како новост во македонската законска регулатива, кои ги определува како општи и посебни игри на среќа регулирани со овој закон и други видови на игри на среќа во кои учесникот може да учествува преку глобалната интернет мрежа. Притоа, како општи игри на среќа се пропишуваат лотариските игри на среќа, електронските игри на среќа, наградните игри и интерактивните игри на среќа. Како посебни игри на среќа законот ги определува игрите на среќа во казино, во обложувалница и во автомат клуб. Понатаму како лотариски игри на среќа се определени играта лотарија, експрес лотарија, инстант лотарија, ТВ томбола (ТВ бинго), лото, кено, спортска прогноза (тото), фонто и томбола од затворен тип. За електронски игри на среќа се сметаат видео лотарија, електронско бинго и електронско кено. Притоа се пропишуваат нови, прецизни и посеопфатни дефиниции на игрите на среќа, забавните игри, поимите приредувач на игра на среќа и на забавна игра и поимот на учесник во овие игри.

Со воведувањето на можноста за приредување на овие нови игри на среќа во законодавството на Република Македонија, ќе се овозможи далеку поголема атрактивност за учесниците во игрите на среќа, ќе се одговори на потребата на учесниците, ќе се создадат поголеми можности за приредувачите на игрите, а со тоа ќе се создаде поголема компаративна конкурентност на македонскиот пазар на игрите на среќа.

Со предложениот закон се утврдува дека приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Македонија. Правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа утврдени со овој закон, освен томболата од затворен тип, Република Македонија може да го пренесе или може да го задржи, односно самостојно да ги приредува овие игри на среќа преку основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа, во кое Република Македонија има најмалку 51% од основната главнина, без издавање на лиценца. Правото на приредување на останатите игри на среќа и забавни игри утврдени со овој закон, вклучувајќи ја и томболата од затворен тип, Република Македонија го пренесува со издавање на лиценца, односно дозвола на трговски друштва кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон. Лиценцата и дозволата се непреносливи. Доколку во друштвото–приредувач на игри на среќа кое Република Македонија го основала, учеството на Република Македонија во основната главнина се намали под 51%, друштвото е должно да прибави лиценца за приредување игри на среќа согласно со овој закон.

За приредување на игрите на среќа чие право Република Македонија го пренесува, Министерството за финансии на трговските друштва им издава лиценца, односно дозвола, во зависност од видот на играта на среќа. Со предложениот закон се пропишуваат подетални одредби за управната постапка на издавање и одземање на правото на приредување, односно прекинувањето и откажувањето од ова право. Оваа постапка ќе се врши според одредбите на управната постапка од Законот за општата управна постапка, а актите утврдени со овој закон ќе бидат конечни во оваа постапка и против нив ќе може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија. Исто така, со законот се пропишуваат и одредби за постапката за издавање на акт за согласност за промена на деловните простории на приредувачите и актите за издавање на согласност за зголемување на бројот на деловните простории во кои се врши уплата на влогови и исплата на добивки, како и доказите потребни за приложување, со оглед на тоа што овие работи со постојниот закон воопшто не се регулирани.

Со денот на отпочнувањето со примена на предложениот закон нема да се промени стварната надлежност на органот за вршење на надзор врз приредувањето на игрите на среќа и забавните игри. Имено, Управата за јавни приходи останува надлежен орган за вршење на наведениот надзор.

Со денот на отпочнувањето со примена на предложениот закон се предлага да настане промена на стварната надлежност на органот кој ги издава и одзема дел од актите со кои се врши пренесување или одземање на правото на приредување на игрите на среќа. Имено, согласно со постојниот закон, постапката за издавање на дел од актите, односно нивното издавање го врши Министерството за финансии, односно министерот за финансии, додека за дел од актите постапката ја води Министерството за финансии, а актот го издава Владата на Република Македонија. Со новите законски решенија се предлага водењето на постапката и донесувањето на актите предвидени со овој закон да биде целосно во надлежност на Министерството за финансии. Ова предложено решение е во согласност со Законот за општата управна постапка и со него се обезбедува поголема економичност, скратување на роковите на постапување и одлучување и се врши поедноставување во управната постапка на издавање на соодветните управни акти.

Со предложениот закон се пропишуваат прекршоци соодветни на штетните дејствија сторени против одредбите на овој закон, се врши групирање на прекршоците во две категории, соодветно на нивната тежина и се пропишува постапка на едукација од страна на овластените инспектори во случај на сторување на одредени полесни прекршочни дејствија од страна на сторителите, како што е пропишано во законот. Прекршочните одредби се во согласност со

Законот за прекршоци.

Со законот се пропишува и кривично дело приредување на игри на среќа без лиценца односно дозвола од надлежен орган, при што се санкционира тој што организира и приредува игри на среќа во посебно уредени простории за таа намена, без лиценца односно дозвола од надлежен орган и за него се пропишува парична казна или казна затвор до една година, при што средствата за организирање и приредување на игрите на среќа на опишаниот начин, како и затечените пари на сторителот ќе се одземат.

Со донесувањето и влегувањето во сила на законот ќе се создаде обврска за министерот за финансии за донесување на подзаконски акти со кои ќе се доразработат и допрецизираат одредбите од овој закон. Согласно со предложените одредби, министерот за финансии е должен да ги донесе подзаконските акти од овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Во последната глава која носи наслов „ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ“ се пропишува одредба со која се уредува постапувањето кај постапките започнати пред надлежните органи пред денот на отпочнувањето на примената на овој закон и се определува дека овие постапки ќе продолжат согласно со прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон. Лицата кои на денот на отпочнувањето со примената на овој закон имаат добиено лиценци или одобренија согласно со прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, должни се своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото отпочнување со примена. Во одредбите на оваа глава е пропишана и обрската и рокот во кој министерот за финансии е должен да ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон.

Овој закон се предлага да влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а да отпочне да се применува по истекот на шест месеци од денот на неговото влегување во сила. Со отпочнувањето со примена на овој ќе престане да важи постојниот Закон за игрите на среќа и за забавните игри.

## Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

### Предложено решение (опција):

Со предложениот закон се врши прецизно дефинирање на игрите на среќа и забавните игри, класификација на игрите на среќа, пропишување на специфичностите на управната постапка за издавање и одземање на правото на приредување на игрите на среќа и забавните игри, надзорот врз приредувањето, прекршочните и кривичните одредби, како и одредување на намената на приходите остварени од приредувањето на игрите на среќа и забавните игри.

### Опис:

Со имплементацијата на предложениот закон се очекува значително подобрување во целокупната област на приредувањето на игрите на среќа и забавните игри на територијата на Република Македонија и тоа како во делот на приредувањето на игрите од страна на приредувачите, така и во делот на целокупното администрирање и контрола во оваа област од страна на надлежните државни органи.

**I.**Трошоци

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. ДА

Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 114/2009 ја наметна потребата од усогласување на одредбите на Законот за игрите на среќа и за забавните игри со овој законик. Имено, со оглед на тоа што при казнувањето на правните лица со главна казна која се изрекува како парична казна, под услови определени со Кривичниот законик судот, кога ќе оцени дека правното лице ја злоупотребило својата дејност и дека постои опасност во иднина да го повтори делото, може да изрече една или повеќе споредни казни, меѓу кои и забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон, одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон, привремена забрана за вршење на одделна дејност и трајна забрана за вршење на одделна дејност. Според тоа, се појави потребата од пропишување на дополнителен услов за приредување на игрите на среќа и забавните игри, односно доставување на дополнителни докази од страна на барателите за издавање на лиценци или дозволи за приредување на игри на среќа или забавни игри, а тоа е доказ дека на правното лице-трговско друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца или дозвола за приредување на игри на среќа и забавни игри, да не му е изречена споредна казна одземање на лиценца односно дозвола за приредување на игри на среќа и забавни игри и да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа и забавните игри.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. ДА

Со денот на отпочнувањето со примена на предложениот закон не се менува стварната надлежност на органот за вршење на надзор врз приредувањето на игрите на среќа и забавните игри. Имено, Управата за јавни приходи останува надлежен орган за вршење на наведениот надзор, но надлежностите на овој орган значително се зголемуваат, како резултат на воведувањето на новите игри на среќа и потребата од зајакнување на контролата над приредувањето на постојните игри на среќа.

Со денот на отпочнувањето со примена на предложениот закон ќе настане промена на стварната надлежност на органот кој ги издава и одзема дел од актите со кои се врши пренесување или одземање на правото на приредување на игрите на среќа. Имено, согласно со постојниот закон, постапката за издавање на дел од актите, односно нивното издавање го врши Министерството за финансии, односно министерот за финансии, додека за дел од актите постапката ја води Министерството за финансии, а актот го издава Владата на Република Македонија. Со новите законски решенија се предлага водењето на постапката и донесувањето на актите предвидени со овој закон да биде целосно во надлежност на Министерството за финансии.

Со оглед на наведеното, спроведувањето на овој закон ќе предизвика одредени негативни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија, произлезени од зголемувањето на надлежностите на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи и како резултат на тоа произлезената потреба од нови работни места во овие два органи.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. ДА

Со оглед на зголемувањето на надлежностите на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи и како резултат на тоа произлезената потреба од нови работни места во овие два органи, ќе бидат потребни финансиски средства за плати на вработените во овие органи, а одредени финансиски средства ќе бидат потребни и за соодветно надградување на информатичката инфраструктура на Управата за јавни приходи со цел спроведување на надлежностите утврдени во предложениот закон.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. ДА

Предложениот закон ќе предизвика незначителни трошоци кај подносителите на барањата согласно со овој закон за прибавување на соодветните докази чие задолжително приложување кон барањето се пропишува со овој закон.

Законот ќе предизвика трошоци кај постојните приредувачи на игрите на среќа и забавните игри кои своето право на приредување го имаат стекнато според постојните прописи кои сега се во сила. Имено, за нив се востановува обврска своето работење да го усогласат со одредбите на предложениот закон и тоа во рок од шест месеци од денот на неговото отпочнување со примена, а со него се врши одредено зголемување на износите кои приредувачите се должни да ги плаќаат за приредување на соодветната игра. Предложената обврска за усогласување како што е наведено, е во насока на обезбедување на еднаквост во правата и обврските на приредувачите.

Приредувачите на општите игри на среќа во кои спаѓаат: лото, спортска прогноза, лотарија, инстант лотарија и ТВ Томбола (ТВ бинго) лиценцата ја добиваат врз основа на јавен оглас, а почетната цена за плаќање на лиценцата ја утврдува Владата на Република Македонија со Одлуката за утврдување на почетната цена за плаќање на лиценци чиј број е ограничен за приредување на игри на среќа. За лотарија, лото, спортска прогноза и инстант лотарија можат да се издадат по две лиценци, а за ТВ томбола три лиценци на различни приредувачи. Државата може самостојно да ги приредува сите општи игри на среќа. Субјектите кои ги приредуваат овие игри на среќа плаќаат посебна давачка од 4% на вкупно остварените уплати.

Според предложениот закон, општите игри на среќа во кои меѓу другите спаѓаат и лотариските игри (лотарија, експрес лотарија, инстант лотарија, ТВ Томбола (ТВ бинго), лото, кено, спортска прогноза (тото) и фонто) и електронските игри, правото на приредување Република Македонија може да го пренесе или може да го задржи, односно самостојно да ги приредува овие игри на среќа преку основање на трговско друштво во државна сопственост за приредување на игрите на среќа, во кое Република Македонија има најмалку 51% од основната главнина без издавање на лиценца, односно без надоместок. Доколку го пренесува правото на приредување се распишува јавен оглас и почетната цена на јавниот оглас за прибирање на понуди за издавање на лиценци за пренесување на правото на приредување на секоја лотариска и електронска игра на среќа посебно ја утврдува Владата на Република Македонија со Одлука.

И според Предлог законот овие приредувачи ја задржаа обврската да плаќаат 4% посебна давачка на вкупно остварените уплати, односно средства прибрани преку продажба на лозови.

Согласно со постојната законска регулатива, приредувачите на посебните игри на среќа во казино, автомат клуб, обложувалница, интерактивните игри на среќа во играчница и приредувачите на играта на среќа обложување на спортски натпревари преку интернет плаќаат фиксен надоместок утврден со Одлуката за утврдување на цената за плаќање на лиценци за постојано приредување на игри на среќа донесена од страна на Владата на Република Македонија и тоа за казино 520.000 евра, за автомат клуб 72.800 евра, за обложувалница 100.000

евра, за обложување на спортски натпревари преку интернет 500.000 евра и за интерактивни игри на среќа што се приредуваат во играчница 630.000 евра. Веќе е спомнато дека за последните две игри лиценца не е издадена од страна на Владата на Република Македонија и овие игри не се приредуваат, иако постојат во законската регулатива.

Приредувачите на игрите на среќа во казино и автомат клуб плаќаат и надоместок во месечен износ по автомат за игри на среќа и тоа за автомат за игри на среќа на кој може да учествува само еден играч 375 евра, за електронски рулет, односно за автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе играчи 675 евра, за рулет маса во играчница (казино) 3.000 евра и за други маси во казино 1.725 евра.

Обложувалниците, интерактивните игри на среќа во играчница, како и приредувачите на играта на среќа обложување на спортски натпревари преку интернет плаќаат посебна давачка од 4% на вкупно остварените уплати.

Во предложениот закон надоместоците за добивање на лиценца кои се должни да ги плаќаат приредувачите на посебните игри на среќа се утврдени со закон (за разлика од постојното законско решение, каде што надоместоците се утврдени со одлука на Владата) и тоа за казино 520.000 евра, за автомат клуб 75.000 евра, за обложувалница 100.000 евра. Според ова, мало зголемување на надоместокот има кај приредувањето на игрите во автомат клуб и тоа од 72.800 евра на 75.000 евра. Исто така, се предлага мало зголемување на надоместоците во месечен износ кај автоматите на игри на среќа на кои може да учествува само еден играч и тоа од 375 евра на 400 евра и кај електронскиот рулет од 675 евра на 700 евра, а мало намалување на месечниот паушален износ износ се предвидува кај другите маси што се поставуваат во казино и тоа од 1.725 евра на 1.700 евра, додека месечниот паушален износ од 3.000 евра за рулет масите останува непроменет. За приредување на игрите на среќа во обложувалница, приредувачот ќе плаќа посебна давачка од 4% на вкупно остварените уплати за учество во играта.

Доколку приредувачите на игрите на среќа во казино, автомат клуб и обложувалница оебзбедат компјутерски систем преку кој ќе се поврзат сите комјутери, односно друг вид на апарати за регистрирање на уплатата и исплатата на приредувачот со компјутерскиот систем на Управата за јавни приходи, така што системот да обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од компјутерите, односно другиот вид на апарати за регистрирање на уплатата и исплатата, кои може да се прикажуваат во секое време, нема да плаќаат надоместок за добивање на лиценцата за приредување на соодветната игра (а кај приредувањето на игрите на среќа во обложувалница, приредувачот нема да ја плаќа посебната давачка од 4% на вкупно остварените уплати за учество во играта), туку ќе плаќаат посебна давачка во висина од 20% која ќе се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ на сите компјутери, односно друг вид на апарати на тој приредувач и исплатениот износ на сите компјутери, односно автомати на тој приредувач, на месечна основа.

Кај наградните игри и во предложениот закон посебната давачка остана непроменета, односно приредувачите на наградните игри плаќаат 18% посебна давачка на вкупниот награден фонд според правилата на игра.

Предмет на уредување на постојниот закон за игри на среќа се и забавните игри и приредувачите на истите плаќаат еднократен надоместок од 3.000 евра утвреден со Одлука на Владата на Република Македонија. Добиеното одобрение од страна на министерот за финансии за приредување на забавни игри е со неограничена важност. Воедно овие приредувачи плаќаат и надоместок во месечен износ по апарат и тоа 10 евра по апарат.

Со предложениот текст приредувачите на забавните игри за добивање на дозволата ќе плаќаат еднократен надоместок во износ од 1.000 евра и надомесок во месечен износ по апарат во износ од 10 евра. Дозволата ќе се издава за период од десет години.

За подносителите на барањата за издавање на соодветни лиценци или дозволи согласно со предложениот закон, ќе се применуваат одредбите од новиот закон, а во таа насока и променетите износи на надоместоци или давачки кои се должни да ги плаќаат.

Со предложениот закон за првпат во македонската регулатива правно се санкционираат и

интерактивните игри на среќа кои се определуваат како игри на среќа кои се приредуваат преку средствата за електронски комуникации, односно телекомуникации, освен преку интернет, и кои се реализираат преку одговорање на прашања или демонстрирање на знаења или вештини, под услов учеството во играта да е условено со уплата (влог) од страна на учесникот во играта и тоа од телефонски такси или која било друга форма на уплата (влог) од страна на учесникот во играта. Се предлага приредувачите на овие игри да плаќаат посебна давачка од 18%од вкупниот фонд на награди, а дозволата за приредување да се издава за период до една година.

За приредување на интернет игрите на среќа ќе се издаваат два вида на лиценци и тоа лиценца за производител, сопственик или овластен корисник на интернет игри на среќа и лиценца за приредувач на интернет игри на среќа. Освен овие два вида лиценци, Министерството за финансии ќе издава и сертификат на хардверската и софтверската платформа која носителите на лиценца за приредување на игри на среќа ќе ја користат за регистрирање на сите финансиски трансакции и други видови на податоци (хост). Притоа се предлага носителот на лиценцата за производител да плаќа надоместок за издавање на лиценцата во износ од 25.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата , а носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа да плаќа надоместок за издавање на лиценцата во износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата и посебна давачка во износ од 0,5% од вкупната вредност на уплатите, на месечна основа.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

**2.** Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни:

Со примената на предложениот Закон за игрите на среќа и за забавните игри ќе се придонесе кон модернизацијата на правната регулатива од областа на игрите на среќа во Република Македонија и соодветно ќе се вградат решенијата и искуствата на европските и другите земји со развиена пазарна економија.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни:

Со примената на предложениот закон ќе се обезбеди поголема правна сигурност и заштита како за приредувачите, така и за учесниците во игрите на среќа и забавните игри на територијата на Република Македонија.

**1.** Ризици и претпоставки

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон не се очекуваат ризици во поглед на администрирањето со игрите на среќа, ниту други ризици. Напротив, со применувањето на законот се очекуваат значителни позитивни ефекти, детално образложени во оваа проценка, што претставува и главна причина за предложување и донесување на овој закон.

**2.** Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | | Анализи приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА | ДА |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор **3:** Консултации

Законот е изготвен постапувајќи по заклучок на Владата на Република Македонија, со кој Министерството за финансии беше задолжено да пристапи кон изготвување на нов текст на Законот за игрите на среќа и за забавните игри во кој ќе бидат вметнати електронските игри на среќа, електронското обложување и интернет игрите на среќа.

За таа цел беше извршено детално компаративно истражување на системите на приредувањето и функционирањето на игрите на среќа во повеќе европски држави и тоа: Полска, Литванија, Естонија, Словенија, Србија, Хрватска, Бугарија, Словачка, Малта, Латвија, Австрија, Велика Британија, Данска, Холандија, Шведска и Шпанија.

Со цел да дадат свои забелешки, сугестии и предлози, предложениот работен текст на законот беше испратен и до Секретаријатот за законодавство, Министерството за економија, Министерството за правда, Управата за јавни приходи и Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам. Истовремено, текстот на предлог законот беше доставен на мислење и до АД „Државна лотарија на Македонија“ и Сојузот на Стопански комори на Македонија. Забелешките и укажувањата добиени од наведените органи, организации, институции, односно друштва се соодветно вградени во предложениот текст. Остварени се средби и контакти и со претставници на невладиниот сектор, односно на инвалидските организации.

Резиме на иницијалната
проценка на влијание на регулативата

**1.** Краток осврт на преферираното решение/опција:

Со отпочнувањето со примена на предложениот закон се очекува значително подобрување во целокупната област на приредувањето на игрите на среќа и забавните игри на територијата на Република Македонија и тоа како во делот на приредувањето на игрите од страна на приредувачите, така и во делот на целокупното администрирање и контрола во оваа област од страна на надлежните државни органи.

Предложениот закон ја задржува поделбата на игрите на среќа на општи и посебни и кон оваа поделба додава и трета категорија на игри, а тоа се интернет игрите на среќа, како новост во македонската законска регулатива. Притоа се пропишуваат нови, прецизни и посеопфатни дефиниции на игрите на среќа, забавните игри, поимите приредувач на игра на среќа и на забавна игра и поимот на учесник во овие игри.

Со предложениот закон се утврдува дека приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Македонија. Правото на приредување на лотариските и електронските игри на среќа утврдени со овој закон, освен томболата од затворен тип, Република Македонија може да го пренесе или може да го задржи, односно самостојно да ги приредува овие игри на среќа преку основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа, во кое Република Македонија има најмалку 51% од основната главнина, без издавање на лиценца. Правото на приредување на останатите игри на среќа и забавни игри утврдени со овој закон, вклучувајќи ја и томболата од затворен тип, Република Македонија го пренесува со издавање на лиценца, односно дозвола на трговски друштва кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон. Лиценцата и дозволата се непреносливи. Доколку во друштвото–приредувач на игри на среќа кое Република Македонија го основала, учеството на Република Македонија во основната главнина се намали под 51%, друштвото е должно да прибави лиценца за приредување игри на среќа согласно со овој закон.

За приредување на игрите на среќа чие право Република Македонија го пренесува, Министерството за финансии на трговските друштва им издава лиценца, односно дозвола, во зависност од видот на играта на среќа. Со предложениот закон се пропишуваат подетални одредби за управната постапка на издавање и одземање на правото на приредување, односно прекинувањето и откажувањето од ова право. Оваа постапка ќе се врши според одредбите на управната постапка од Законот за општата управна постапка, а актите утврдени со овој закон ќе бидат конечни во оваа постапка и против нив ќе може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија. Исто така, со законот се пропишуваат и одредби за постапката за издавање на акт за согласност за промена на деловните простории на приредувачите и актите за издавање на согласност за зголемување на бројот на деловните простории во кои се врши уплата на влогови и исплата на добивки, како и доказите потребни за приложување, со оглед на тоа што овие работи со постојниот закон воопшто не се регулирани.

Со денот на отпочнувањето со примена на предложениот закон нема да се промени стварната надлежност на органот за вршење на контрола и надзор врз приредувањето на игрите на среќа и забавните игри. Имено, Управата за јавни приходи останува надлежен орган за вршење на наведената контрола и надзор.

Со денот на отпочнувањето со примена на предложениот закон се предлага да настане промена на стварната надлежност на органот кој ги издава и одзема дел од актите со кои се врши пренесување или одземање на правото на приредување на игрите на среќа. Имено, со новите законски решенија се предлага водењето на постапката и донесувањето на актите предвидени со овој закон да биде целосно во надлежност на Министерството за финансии. Ова предложено решение е во согласност со Законот за општата управна постапка и со него се обезбедува

поголема економичност, скратување на роковите на постапување и одлучување и се врши поедноставување во управната постапка на издавање на соодветните управни акти.

Со предложениот закон се пропишуваат прекршоци соодветни на штетните дејствија сторени против одредбите на овој закон, се врши групирање на прекршоците во две категории, соодветно на нивната тежина, се пропишува постапка на едукација од страна на овластените инспектори во случај на сторување на одредени полесни прекршочни дејствија од страна на сторителите, како што е пропишано во законот. Прекршочните одредби се во согласност со Законот за прекршоци.

Со законот се пропишува и кривично дело приредување на игри на среќа без лиценца односно дозвола од надлежен орган, при што се санкционира тој што организира и приредува игри на среќа во посебно уредени простории за таа намена, без лиценца односно дозвола од надлежен орган и за него се пропишува парична казна или казна затвор до една година, при што средствата за организирање и приредување на игрите на среќа на опишаниот начин, како и затечените пари на сторителот ќе се одземат.

Со донесувањето и влегувањето во сила на законот ќе се создаде обврска за министерот за финансии за донесување на значителен број подзаконски акти со кои ќе се доразработат и допрецизираат одредбите од овој закон. Согласно со предложените одредби, министерот за финансии е должен да ги донесе подзаконските акти од овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

**2.** Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:

- Кирил Доневски, помлад соработник,
- Оливера Савинова Стојанова, советник и
- Игор Димитров, раководител на Сектор.

**3.** Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:

- Игор Димитров, раководител на Сектор за правни и административни работи во Министерството за финансии.

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација. |
| | Има влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| | Нема влијание | врз животната средина. |
| | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување: 17.11.2010<br>Вклучени организации и претставници: (АД „Државна лотарија на Македонија“, Сојузот на Стопански комори на Македонија и Националниот совет на инвалидските организации на Македонија)<br>Свое мислење дадоа следниве организации: Сите наведени | ДА |
| | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

Изјава од министерот

Јас, м-р Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

............................................................................... Датум: ___.11.2010 година